КОМОРА НА ПРОЦЕНУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-190/2
18.04 2016 год.
СКОПЈЕ

**Комора на проценувачи на Република Македонија**
**ул.Македонија бр 47/2, 1000 Скопје**
**Сметка бр.300000003545580 Комерцијална банка**
**Даночен број: 4057013520328**
**тел;072/251-407; 02 3151-477**
**емаил: info@komoranaprocenuvaci.mk**
**web: www.komoranaprocenuvaci.mk**

Комисијата за ревизија на процена на недвижен имот формирана со решение број 03 – 349/1 од 13.04.2016 година од Комората на проценувачи на Република Македонија, разгледувајќи го барањето доставено до Комората на проценувачи под бр.03-190/1 од 01.03.2016 година од страна на Василики Филипу од Тетово преку полномошник Танасис Стериадис од Тетово, за ревизија на Процена на вредност на недвижен имот под бр.20 од 11.05.2015 год. изработена од овластениот проценувач Захариески Консалтинг ТП Тетово, на ден 14.04.2016 година, врз основа на член 40 став (2) од Законот за процена (Службен весник на РМ бр. 115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16), го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

Барањето за ревизија на проценка, доставено од страна на Василики Филипу од Тетово преку полномошник Танасис Стериадис од Тетово за извршена Процена на вредност на недвижен имот под бр.20 од 11.05.2015 год. изработена од овластениот проценувач Захариески Консалтинг ТП Тетово, која се однесува на процена на недвижен имот-стан во колективна станбена зграда на ул.Маршал Тито, СЕ ОТФРЛА.

Образложение

До Комората на проценувачи на Република Македонија барателот Василики Филипу од Тетово преку полномошник Танасис Стериадис од Тетово, поднесе барање за ревизија на извршена Процена на вредност на недвижен имот под бр 20 од 11.05.2015 год. изработена од овластениот проценувач Захариески Консалтинг ТП Тетово, која се однесува на процена на недвижен имот-стан во колективна станбена зграда на ул.Маршал Тито. Во барањето се изнесени наводи за непочитување на стандардите за процена.

Комисијата за ревизија пристапи кон разгледување на доставената документација и се констатира дека во барањето за ревизија и самата странка Василики Филипу наведува дека како неука странка не била запознаена дека во рок од 8 дена од добивање на проценката од проценителката како незадоволна странка имала право за поднесување на барање на ревизија, поради што се обраќала два пати до Управниот одбор на Комората на проценувачи на Република Македонија и тоа под бр.03-496/1 доставено на 06.11.2015 година и под бр.03-060/1 доставено на 26.01.2016 година. Од датумот на штембил на Извештајот за процена се констатира дека Процената на пазарната вредност на недвижен имот е изработена на 11.05.2015 година и до поднесувањето на барањето за ревизија се поминати повеќе месеци. Имајќи предвид дека барателот на ревизија имал сознаие за изготвената проценка уште во 2015 година, а барањето за ревизија е поднесено на 01.03.2016 година, законски определениот рок од осум дена од денот на приемот на процената, односно рокот кој треба да не е подолг од еден месец од денот на дознавањето дека процената била предадена, е поминат подолг период.
Имено, согласно чл.40 од Законот за процена („Службен весникна Република Македонија" број115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16) „Процената изготвена од овластен проценувач може да биде оспорена со поднесување на барање за ревизија на процена до Комората во рок од осум дена од денот на приемот на процената,односно во рок не подолг од еден месец од денот на дознавањето дека процената била предадена".

Од датумот на штембил на извештајот на процената се констатира дека Процената на вредност на недвижен имот е изработена на 11.05.2015 год. и до поднесувањето на барањето за ревизија се поминати повеќе месеци. Имајки предвид дека барателот на ревизија имал сознаие за изготвената проценка уште во 2015 година, а барањето за ревизија е поднесено на 01.03.2016 година. Видно од наведеното поминат е подолг период од утврдениот рок од осум дена од денот на приемот на процената, односно рокот кој треба да не е подолг од еден месец од денот на дознавањето дека процената била предадена.

Од страна на Комисијата е констатирано дека барањето за ревизија на Процена на вредност на недвижен имот поднесено од Василики Филипу од Тетово преку полномошник Танасис Стериадис од Тетово е поднесено по истекот на законски определениот рок утврден во член 40 од Законот за процена.

Согласно горе наведеното Комисијата го отфрли барањето за ревизија како во диспозитивот на овој Заклучок.

**Претседател на Комисија за ревизија**
**на процената на недвижен имот**
**Љупка Јанчевска**

КОМОРА НА ПРОЦЕНУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ